# ПОВИК ЗА АНГАЖМАН НА ОБУЧУВАЧ(К)И ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ОБУКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ВО УЧИЛИШТАТА

## I. Општи информации

Првата детска амбасада во светот Меѓаши објавува повик за двајца/две обучувачи/ки за спроведување тридневна обука во два циклуса за унапредување и зајакнување на вештините и знаењата на стручните соработници во основни и средни училишта. Фокусот на обуката ќе биде зајакнување на капацитетите на членовите од стручните тимови преку обработка на две тематски целини насочени кон развој на безбедна училишна средина:

- Улогата на родителот во креирање безбедна училишна средина и
- Врсничка едукација

Целта е да се унапредат вештините и знаењата на стручните тимови на училиштата во правец на спречување или намалување на појавата на врсничкото насилство, преку имплементација на сеопфатен пристап и вклучување на сите засегнати страни.

Меѓаши е граѓанска организација чија мисија е да ги застапува и заштитува правата на децата, поттикнува одговорно родителство и почит кон детската личност, го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. Меѓаши го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

Мандатот на Меѓаши е заштита и одбрана на детските права преку што се стреми кон остварување на својата визија за „Поправеден свет за секое дете“. Овој мандат е отелотворен во секоја активност, програма или проект што Меѓаши го спроведува, во секоја иницијатива за застапување на правата на децата и во секоја услуга што организацијата ја обезбедува.

## II. Опис и цел на проектот

Проектот ,,Промоција на безбедна училишна средина” има за цел да придонесе кон остварување на  квалитетно образование на децата во безбедна и партиципативна училишна средина. Фокусот е кон унапредување на постоечките механизми и инструменти за превенција на насилство во училиштата, развој и јакнење на капацитетите на стручните тимови, претставници од училиштата и високото образование, претставници од јавните институции и самите ученици, како и градење соработка помеѓу сите засегнати страни на различни нивоа.

Проектот се спроведува во периодот 01 септември 2023 година до 31 август 2026 година. ПДАС Меѓаши е партнерска организација во целокупниот процес на спроведување, во заедничка соработка со Коалиција на младински организации СЕГА како носител на проектот како и со другите партнерски организации: МЦГО - Македонскиот центар за граѓанско образование и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации –. Проектот е финансиски поддржан од Детската фондација Песталоци.

**III. Цел на повикот**

Во согласност со предвидените активности и остварената соработка со проектните училишта во рамките на исполнување на целите на проектот, во следниот период Првата детска амбасада во светот Меѓаши ќе спроведе две обуки насочени кон унапредување и развој на вештините на стручните соработници.

Обуката има за цел да дејствува кон унапредување на знаењата и вештините на стручните тимови во училиштата и зајакнување на вклучувањето и улогата на родителите за превенција од насилство. Дополнително фокусот е насочен и кон унапредување на вештините на стручните соработници кон јакнење на капацитетите на учениците преку примена на принципите на врсничката едукација Како и нејзиното значење во целиот процес на градење безбедна училишна средина.

Целта на повикот е да се обезбеди ангажман за двајца/две обучувач/ки кои ќе развијат методологија за обуката и ќе опфатат две тематски целини насочени кон развој на знаењето и вештините на стручни со/работници во училишта:

- улогата на родителите во превенција и спречување од насилство во училишта
- врсничка едукација

Обучувач(к)ите (тренерскиот тим) после изборот за нивниот ангажман, во заедничка соработка ќе изработат методологија, како и концепт за тридневна работилница во согласност со нивната утврдена улога, предвидениот материјал за обуката и предвидената тематска целина за која се ангажирани секој/а поединечно. Изработката на методологијата и нејзиното утврдување, како и концептот и начинот на спроведување на обуката ќе бидат во соработка со проектниот тим.

Двата циклуса на обуката предвидуваат користење на иста методологија како и концепт и план за спроведување.

Обучувач(к)ите низ целиот процес на развој и спроведување на обуката ќе бидат во соработка со проектниот тим и ќе бидат носители на активностите за развој и спроведување на обуката.

**IV. Опис на работни задачи**

1. Развој на методологија за предвидените две обуки

Последователно по изборот за ангажман во заедничка соработка, тренерскиот тим ќе изработи методологија која ќе се однесува на двата циклуса од обуката. Во согласност со тематската целина, област и стручност за која е ангажиран обучувачот/ката ќе биде

даден придонес во развој на методологијата за двете предвидени обуки. Предвидени задачи се:

- Заедничка соработка на тренерскиот тим при изработка на методологијата
- Развој на методологија за спроведување тридневна обука
- Утврдување на методологијата во заедничка соработка со проектниот тим

Тимот на обучувачи/ки ќе биде во комуникација и соработка со проектниот тим за утврдување на методологијата.

2. Подготовка, припрема и планирање на обуката

Обучувачите/ките ќе треба да спроведат две тридневни обуки за 25 стручни соработници (вкупно 50) од проектните училишта по иста методолгија. Ангажираните лица треба да дејствуваат во унапредување и развој на знаењето и вештините на стручните соработници во насока на препознавање на повеќеслојната улога на родителот/старателот и негово вклучување, и развој на соработката како и примена на принципите на врсничка едукација во насока на развој на капацитетите на учениците во нивната само - поддршка и меѓусебна комуникација.

Предвидени задачи се:

- Развој на тренинг план и методологија за тридневна обука
- Развој на програма за тридневна обука со сите предвидени активности
- Избор на работни материјали и едукативен материјал
- Утврдување на начин за евалуација на учеството во обуката.
- Подготовка на извештај и евалуација за спроведената обука/обуки

Обуките ќе се одвиваат вптри дена во два циклуса. Првиот циклус за обука е предвиден од 13.05 до19.05.2024 година, додека другиот циклус е предвиден до 20.05-26.05.2024. Предвидени се вкупно десет (10) работни денови вкупно по обучувач/ка.

Избраните ангажирани лица ќе соработуваат со проектниот тим на ПДАС Меѓаши за моделот, начинот на спроведување и изборот на материјали за обуката.

3. Обучувачите/ките треба:

- Да спроведат тридневна обука во согласност со утврдената методологија
- Примена на утврдениот план, програма и концепт за обуката
- Примена на компаративен пристап во утврдувањето на степенот на унапредувањето на знаењето и вештините кај стручните со/работници. Да спроведат и втор циклус од обуката во согласност со утврдената методологија и концепт на обуката.

При спроведување на обуката ангажираните лица ќе имаат поддршка во процесот од страна на проектниот тим, кој исто така ќе учествува на обуката.

4. Ангажираните лица за извршените активности до проектниот тим ќе достават и Пополнета листа со временска рамка

**V. Потребни квалификации за избор на стручните лица**

1. Обучувач/ка за улогата на родителите во превенција и спречување на насилство во училиштата.

- Најмалку две години искуство во спроведување на едукативни настани, спроведување на активности од областа на неформалното образование (искуство со образование за возрасни и/или нивна доквалификација ќе се смета за предност)
- Искуство во соработка со родители/ старатели, обезбедување на нивна помош и поддршка директно или индиректно
- Познавање на поставеноста, начинот на функционирање, процесите во националниот образовен систем, училиштата, во делот на системска поддршка и мрежа за учениците ќе се смета за предност
- Учество во развој на програми поврзани со образованието, образовниот систем и неговото функционирање како јакнење на капацитетите на засегнатите страни во образовниот систем ќе биде предност
- Завршени додипломски студии/ VI - А ниво на образование во сегментот на општествени науки

2. Обучувач/ка за врсничка едукација

- Најмалку две години искуство во спроведување на едукативни настани, спроведување на активности од областа на неформалното образование (искуство со образование за возрасни и/или нивна доквалификација ќе се смета за предност)
- Искуство во поддршка на млади, деца или ученици преку директен и/или индиректен пристап со развој на програми, активности, едукативна поддршка или развој на одредени механизми или инструменти
- Искуство во развој на програми за обуки за врсничка едукација и/или спроведување на обуки за врсничка едукација
- Познавање на поставеноста, начинот на функционирање, процесите во националниот образовен систем, училиштата, во делот на системска поддршка и мрежа за учениците ќе се смета за предност
- Завршени додипломски студии/ VI - А ниво на образование во сегментот на општествени науки;

**VI. Временска рамка**

**Прв циклус**

| **Опис на активност** | **Број на денови** | **Временски рок за испорака** |
|---|---|---|
| Развој на методологија, концепт, програма за обука и избор на материјали | 1 | До 7 мај 2024 |
| Спроведување на тридневна обука | 3 | До 19 мај 2024 |
| Евалуација и известување | 1 | До 21 мај 2024 |

**Втор Циклус**

| **Опис на активност** | **Број на денови** | **Временски рок за испорака** |
|---|---|---|
| Припрема за обука, избор на материјали и/ или модифицирање на концепт за обуката | 1 | До 21 мај 2024 |
| Спроведување на тридневна обука | 3 | До 26 мај 2024 |
| Евалуација и известување | 1 | До 30 мај 2024 |

**VII. Хонорари/ Услови за исплата**

Мећаши ќе ги исплати ангажираните лица, обучувачите/ките, по достава на сите претходно наведени документи, за бруто износ од 6.700 денари од ден по обучувач/ка, а севкупен бруто износ изнесува 67.000 денари за 10 дена по обучувач/ка, вклучувајќи и персонален данок на приход. Исплатата ќе се изврши во рок од петнаесет (15) дена по примањето и одобрувањето на комплетна документација која опфаќа потпишан договор, Извештаи и Листа со евиденција на работни денови и одобрени производи (опишани во табелата погоре).

**VIII. Процес на аплицирање**

Потребни документи при аплицирање:

1. Професионална биографија
2. Писмо за мотивација (содржината не треба да надминува повеќе од 1 страна, А4 формат)
3. Референци од претходни и тековни професионални искуства и соработка

Заинтересираните кандидати/ки треба да ги испратат своите апликации во електронска верзија не подоцна од 28.04.2024 на следнава адреса iro@childrensembassy.org.mk.

За дополнителни информации поврзани со наведениот повик можете да ни се обратите преку телефонскиот број за контакт 071 399 079 најдоцна до 28.04.2024.